ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
на наменски дотации во областа на животната средина

Кичево 2019

ПРОГРАМА И АКТИВНОСТИ

За наменско трошење на дотации во областа на управување со животната средина за 2019 година

ВОВЕД:

Со оваа Програма се утврдува обемот на работите за завршување на започнатите проекти од комунална инфраструктура од аспект на заштита на животната средина за општина Кичево.

Со цел да се реализираат обврските и надлежностите на општината во областа на управување со животната средина во текот на 2018-2019 година се предвидуваат следниве активности ;

1. **Воспостувањето и развојот на индикатори за животна средина е воден од потребата да се индетификуваат индикатори кои ќе бидат релевантни за следење состојбата на животната средина и креирање на политиката во согласност со основните групи. Еден од тие индикатори е воздухот, активност во функција на подобрување на квалитетот на воздухот што како директен чинител би била општината е засадување на нови садници (дрвореди) кои целосно ќе бидат финансирани од страната на општината. Засадување како приоритет ќе го извршиме на следниве локации:**

Реден број	Улици	Површина	Број на садници	Финансирање
1.	Маршал Тито Вклучувајќи и уредување на кружни текови.	1000 м2	400	Општина Кичево, донации и други државни фондови
2.	11-ти Септември и уредување на кружни текови и уредување на зелени површини.	800 м2	320	Општина Кичево, донации и други државни фондови

како и други локации кои ќе се одредат врз основа на останатите потреби.

2. **Завршување на започнатите проекти од комуналнаа инфраструктура и проекти од областа на животната средина за кои постои техничка документација ;**
3. **Санација, изградба и одржување на отворени канали , речни корита и локални патишта ;**
4. **Изготвување и реализација на нови проекти од комуналната инфраструктура и проекти од областа на управување со животната средина.**
5. **Изградба на улици, тротоари, паркинзи и уредување на зелени површини.**

Член 1

1. **Завршување на започнатите проекти од комуналнаа инфраструктура и проекти од областа на животната средина за кои постои техничка документација ;**

1.Фекална канализација во с.Другово (до изградба на улична фекална канализациона мрежа)

2.Фекална канализација за н.м Зајас

3.Фекална канализација во с.Јагол

4.Фекална канализација во с.Шутово

5 Фекална канализација во с.Премка

6. Фекална канализација во с.Туин

7. Фекална канализација во с.Колибари

8. Фекална канализација во с. Длапкин Дол

9. Фекална канализација во с.Пополжани

10. Фекална канализација во с.Србјани

11. Изградба на канализациона мрежа во с. Староец

12.Проширување на канализациона мрежа во с.Челопеци

13.Завршување на канализационите лини во градот.

Реализацијата на споменатите проекти за кои постои техничка документација ке започне по обезбедување на финансиски средства.

Член 2

Сечење , косење и одстранување на ниска и висока вегетација во појасот на локалните патишта ;

Отворање и одржување на одводни канали покрај патишта и реки;

- **Одржување на локалниот пат- Крушино-Кнежино;**
- **Уредување на речно корито во с. Црвивци;**
- **Чистење на корито на река Зајашка;**
- **Чистење на корито на река Сушица ;**
- **Чистење на отворен канал Пети колосек;**
- **Чистење на канал покрак Магистрален пат М4;**
- **Изградба на армирано бетонски канал во н.м. Србјани ;**
- **Изградба на обални зидови за регулирање на река Треска кај мост во н.м. с . Србјани;**
- **Уредување на изворот во с. Пополжани ;**
- **Санација и реконструкција на постоечки отворени канали за н.м. Другово и Србјани;**
- **Регулација и чистење на речно корито на река Беличка низодно од влезот на с.Брждани до мост во с. Видрани и од м.в. "Павлидол" низводно до сливот во река Треска .**

Член 3

Завршување на започнатите активности. Расчистување зазеленување на постоечката градска депонија расчистување и проширување на речното корито покрај градската депонијата.За реализирање на овј проект Општина Кичево има изготвено елаборат за заштита на животна средина во кој се предвидени сите мерки и активности за времено решавање на овој проблем

Чистење и санирање на дивите депонии;

Уредување на просторот (хортикултурно уредување и пошумување)

Придонес кон решавање на проблемот со депонирање на цврстиот отпад- интегрирано управување ;

Изработка на техничка документација ;

- **Перманентно чистење на дивите депонии кои се појавуваат на територијата на општината;**
- **Пошумување на месноста Чукале , с. Србица;**
- **Одстранување на пепелта од јавните површини како последица на работа на депонијата за пепел на РЕК осломеј ;**
- **Изработка на техничка документација за одведување на отпадните води од кичевскиот регион (колектор и прочистителна станица) ;**
- **Изработка на техничка документација за решавање на проблемот со цврстиот отпад- интегрирано управување;**

- **Изработка на техничка документација за идејните решенија на територијата на општина Кичево.**

Член 4

Општината Кичево планира да со сопствени средства согласно финансиските можности, преку Програмата за комунално уредување , како и со средства од донации, грантови и наменски средства од домашни и странски агенции , министерства и донаторски куќи, реализира што поголем број од горе наведените проекти.

За сите горе наведени проекти кои ке бидат предмет на имплементирање , општина Кичево ке склучи тип на договор зависно од начинот на финансирање и имплементација на проектот(рамковно избран изведувач, странска донација , наменски средства , итн).

Динамиката на извршување на програмата е во директна корелација од големинта и приливот на средства за соодветни намени

Проектите кои нема да се реализираат во текот на 2018 година ке бидат предмет на реализација во Програмата за 2019година.

Доколку се појави реална потреба , оваа програма може да се менува и дополува во текот на 2020 година.

Оваа Програма ке се реализира по претходна согласност од страна на Советот на општина Кичево.

Со реализација на овие активности, општината Кичево директно ке влијае кон подобрувањето на квалитетот на живеење во заедницата и ке придонесе кон подобрување , унапредување и заштита на животната средина.

ПРИОРИТЕТИ

1.Воспостувањето и развојот на индикатори за животна средина е воден од потребата да се индетификуваат индикатори кои ќе бидат релевантни за следење состојбата на животната средина и креирање на политиката во согласност со основните групи. Еден од тие индикатори е воздухот, активност во функција на подобрување на квалитетот на воздухот што како директен чинител би била општината е засадување на нови садници (дрвореди) кои целосно ќе бидат финансирани од страната на општината. Засадување како приоритет ќе го извршиме на следниве локации

Реден број	Улици	Површина	Број на садници	Финансирање
1.	Маршал Тито и уредување на кружни текови.	1000 м2	400	Општина Кичево, донации и други државни фондови
2.	11-ти Септември и уредување на кружни текови и уредување на зелени површини.	800 м2	320	Општина Кичево, донации и други државни фондови

како и други локации кои ќе се одредат врз основа на останатите потреби.

2. Изградба на обални зидови за регулирање на река Треска кај мост во н.м. с . Србјани;

3..Фекална канализација за н.м Зајас (теќе- џума);

4.Завршување на започнатите активности. Расчистување зазеленување на постоечката градска депонија расчистување и проширување на речното корито покрај градската депонијата.За реализирање на овј проект Општина Кичево има изготвено елаборат за заштита на животна средина во кој се предвидени сите мерки и активности за времено решавање на овој проблем.

Бр._____
__.__.2019
Кичево

Совет на Општина Кичево
Претседател
Аќиф Медиу